2.

ДРАГИ ДРУГАР НАУМЕ, рече Секуловски Крсте

Те испраќаме со звуците на посмртниот марш, чекориме со успорен од и наведнати глави, се поклонуваме пред тебе и пред столбовите на слободата во која ти ги вгради сите свои и умни и физички сили. Денес те испраќаме за секогаш на последното твое патување што ке биде и последно збогување со тебе, убедени во едно дека твоето дело останува меѓу нас. Ти оставаш зад себе вистинска, непоматлива легенда на човек и борец и затоа чувствуваме обврска да ја чуваме, да ја пренесуваме од поколение на поколение за да за секогаш се знае и раскажува дека во едно бурно и неурамнотежено време кога македонскиот народ избезумен стекаше под теророт на непријателот од исплашените јато на народот излетаа буревесници, се впуштија смело во бурите и со натчовечки напори го издигнаа храмот на достоинството и честа што го викаме слобода.

Во плеадата на првоборците, свесен за сопствениот долг кон својот народ и татковината на славните врвици во НОБ во самиот почеток се најде и ти другар Науме. Ти имаше и храброст и интелектуална моќ да го сватиш и времето и сопствениот долг и по своите дела се издигна и над времето и над самиот себе.

Другар Науме, се роди под синилото на ова поднебје, растеше во немаштината и љубовта меѓу луѓето, ги слушаше и примаше раскажувањата за македонските и преспанските илинденци, израсте во строен маж во кој беа свединети и бистрината на умот и исконската снага. Од твоето прво борбено крштевање па до триумфалната победа на народната револуција и после неа за тебе се раскажуваа со почит и восхит, те внесувавме во песните и нашето секојдневие, за тебе создававме вистинска легенда зашто поинаку и неможевме да се однесуваме кон тебе и твоите дела. Твоето име, безпрекорно другарство, личниот пример, на борците им внесуваше нови снаги и храброст да се истрае во борбите, а во исто време во редовите на непријателот сееше страв и ужас.

Другар Науме, кога веке сме соочени со грубата стварност, твојата ненајдена смрт, од се срце ти ја искажуваме нашата благодарност и почит за се она што, преставува содржина на твојот живот. Затоа нека ти биде вечна слава и благодарност.

ОД СОБРАНИЕТО НА ОПШТИНАТА РЕСЕН